# „АВТОБИОГРАФСКИ ПОРТРЕТИ НА МАКЕДОНСКИ КОМПОЗИТОРИ“

ПРОГРАМА :

1. Т.ЗОГРАФСКИ – ИНВЕНЦИЈА „СИРИНКС“ ЗА СОЛО ФЛЕЈТА ОП.8 (1955 )

2. Т.ЗОГРАФСКИ – „ДИЈАЛОГ“ ОМАЖ НА КЛОД ДЕБИСИ ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО ОП.105 (1980)

3. С.СТОЈКОВ – СОНАТА ЗА ОБОА И ПИЈАНО во изведба на флејта и пијано (1976)

4. ТРАЈКО ПРОКОПИЕВ – „ДОЈРАНКА“ МАЛА СВИТА ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО (1976)

5. Д.ШУПЛЕВСКИ – КАПРИЧО БР.1 ВИОЛИНА И ПИЈАНО (1984)

6. Г.ГАВРИЛОВСКИ – JAZZ TOKATINA (2011) (FLUTE ,PIANO, BASS & BONGOS)

7. Г.ГАВРИЛОВСКИ – LATTINO PIECE (2011) (FLUTE ,PIANO, BASS & BONGOS) премиерна изведба

8. К.ТОДОРОВСКИ – ПЕСНА ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО

9. Љ.БРАНЃОЛИЦА – ВАРИЈАЦИИ ЗА ФЛЕЈТА И ПИЈАНО (1958)



## м-р НЕВЕНКА ТРАЈКОВА

**Невенка Трајкова** е родена во Скопје 1984 год. потекнува од музичка фамилија, а со пијаното се дружи од својата најрана возраст. Основно и средно музичко образование завршува во ДМУЦ.„Сергеј Михајлов“ во Штип ,каде што и живее. Дипломира и магистрира на отсекот пијано на Националната музичка академија „Панчо Владигеров“ - Софија , Р.Бугарија во класата на Проф.Антон Диков и асистент Елена Дикова. Во тек се докторските студии на истата академија, каде што ја истражува ,а воедно и афирмира современата музика .
Во моментот работи како уметнички соработник на УГД Факултет за музичка уметност во Штип.
Покрај многубројните солистички концерти има настапувано и со најразлични камерни состави и ансамбли низ Македонија, Италија, Србија, Косово, Бугарија и Грција.
Настапува со повеќе еминентни музички изведувачи како Кирил Рибарски, Борис Трајанов,
Зоран Казаков(Швајцарија), Јоргос Георгиу (Кипар) и други.
Учесник е на многу меѓународни и државни натпревари.

Добитник е на повеќе први награди ,меѓу кои и овогодинешната од меѓународниот Арт фестивало „Езерски бисери“ – Струга за најдобар корепетитор на натпреварот.
Учествува на редица семинари кај истакнати пијанисти како Александар Блох, Тамара Подубнаја, Кетрин Викерс, Марчела Крудели и други.
Разновидноста накамерните состави со кои настапува и досегашната корепетиторска дејност го збогатуваат нејзиниот репертоар и често настапува на сцените низ Македонија и надвор од неа.



## м-р ВАНЕ АРЕВСКИ

Ване Аревски - флејтист, роден 1984 год во Штип.
Музичкото образование го започнува во Централното Музичко Училиште во Штип каде го завршува и средното образование.
Дипломира на ФМУ во Скопје во класата на проф.С.Темков каде што ги завршува и постдипломските студии кај истиот професор.
За време на солистичката активност учествувал на повеќе натпревари на републичко и меѓународно ниво меѓу кои се издвојуваат: 1997год. Државен натпревар Битола 2- награда, 1999год. Државен натпревар Скопје- Македонија камерна музика 3- награда, 2000год. Државен натпревар Битола- Македонија 1- награда, 2001год. Интернационален натпревар Стара Загора- Бугарија 2- награда, 2001год. Интернационален натпревар Сан Бартоломео- Италија 2- награда, 2002год. Државен Натпревар Штип- Македонија камерна музика 2- награда
2002год. Интернационален натпревар Ваљево- Србија 1- награда, 2003год. Интернационален натпревар Ваљево- Србија 1- награда, 2003год. Државен натпревар Скопје- Македонија 1-специјална награда, 2003год., Интернационален натпревар Охридски Бисери Македонија 3- награда, 2004год. Интернационален натпревар Софија- Бугарија 3- награда, 2005год. Интернационален натпревар Тахир Куленович Ваљево- Србија 1- награда Лауреат и др.
Има бројни настапи во земјава и надвор од неа:
“ Денови на македонска музика ”, “ Штипско културно лето ”, “Скопско лето”, “ Ноќи на француско - грманска и македонска музика ” и како солист со Македонската филхармонија и Симфонискиот оркестар на ФМУ Скопје. Партиципира во симфонискиот оркестар “Fame`s Film Music”- Скопје, во Македонската опера и балет - Скопје, во Македонската филхармонија - Скопје, и воедно проф. во Д.М.У.Ц " Сергеј Михајлов" Штип